Медиумската писменост неопходна во борба со лажните информации

Автор: Маја Терзиова

Медиумска писменост во ера на наплив на информации е способност да анализира, проценува и создава медиумска содржина, но и да делува како се користи таа содржина врз јавното мислење.

Финска е на врвот на списокот на земји кои можат да препознаат и се отпорни на лажни вести додека другите земји го копираат нејзиниот модел. Веднаш под неа се Холандија, Данска и Шведска, во средината Словенија, Шпанија, Луксембург и Португалија. На дното од скалата се наоѓаат Црна Гора, Босна, Албанија и Турција, а нашата земја е последна на оваа скала.

Катерина Топалова, новинар и уредник во вестите на јавниот сервис, смета дека Финскиот образовен систем е еден од најдобрите во светот, а Финската влада кога во 2014 година почнала со кампањата против лажните вести кои внеле поделби во општеството ги обучила граѓаните, студентите, новинарите и политичарите како да се спротивстават на нив. Според неа оваа иницијатива ги подготвила граѓаните од сите возрасти да се справат со комплексниот дигитален свет на денешницата и утрешницата, а најголем акцент се ставил на учениците.



Катерина Топалова, новинар и уредник во вестите на јавниот сервис

„ Се започнува во образованието. Мојот став е дека во реформите на образовниот систем мора да влезат и медиумите. Нивната моќ низ историјата никогаш никој не ја потценил, не смееме ниту ние. Инфодемијата е зараза на новото време. Имунитет се стекнува само преку добро образование. Медиумската писменост не е лист хартија, тоа е цела стратегија која треба сериозно да се обмисли и да се спроведе“ вели таа.

Со критичка мисла до поголема медиумска писменост

Појавата на нов тип на медиуми, особено социјалните мрежи, овозможија информациите и медиумските пораки, меѓу кои и дезинформациите, да се шират со огромна брзина.

Од агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги велат дека граѓаните можат да се заштитат од лажните вести само ако критички ги користат медиумите и никогаш да не веруваат само на еден извор, туку секоја вест да ја проверат кај неколку различни медиуми. Тие советуваат да се проверуваат веб страниците на проверувачите на факти кои ги разоткриваат дезинформациите и објавуваат рецензии со точни информации.

„Секогаш треба да проверат кој е авторот на информацијата и ако им е непознат да проверат што друго напишал. Пред да им поверуваат на некоја фотографија или видео, да проверат кога се навистина направени и на што всушност се однесуваат. Треба да видат кога е првпат објавена некоја информација бидејќи оние кои шират лажни вести знаат да земат стара информација и да ја преобјават како нова ставајќи ја во друг контекст, и така изјава која што е вистинита поради контекстот добива ново и невистинито значење.Треба да бидат внимателни кога ќе видат вест чиј наслов е сензационалистички, има многу прашалници и извичници (???!!!) и настојува да побуди љубопитност користејќи фрази како: „нема да верувате што се случи“ велат оттаму.

Доцент д-р Борче Арсов од Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ вели дека основата на медиумската писменост е во критичкото и аналитичко мислење, а образованието е главна алка во општеството каде младите треба да се насочат да размислуваат критички.



Доцент д-р Борче Арсов, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“

„Сметам дека децата од најрана возраст треба да почнат да учат да донесуваат рационални одлуки во што да веруваат, при што улогата на воспитувачот и на наставникот, односно професорот е клучна. На пример, методот на користење на еден учебник во наставата има свои предности, но сфаќањето на тој учебник како единствен содржател на апсолутната вистина, може да му нанесе на ученикот повеќе штета отколку корист“ додава тој.

Според Арсов, медиумите, особено електронските, ја имаат моќта не само да информираат, туку и да градат ставови, па и личности. Тој додава дека клучна одлука во градењето на критичка свест кај младите е улогата на новинарите, кои треба својата професија да ја сфатат одговорно, водејќи сметка за точноста, прецизноста и непристрасноста на веста како и употребата на прецизност на стандардниот јазик кој го користи.

„Како лингвист, мора да споменам дека јазичната писменост на новинарите во нашата држава е на доста ниско ниво, а уште поразочарувачка е сликата во медиумските куќи каде или многу малку се внимава или воопшто не се води сметка за коректноста на јазичниот израз во објавите. Особено лоша е ситуацијата кај интернет порталите, кои пак, истовремено се и најдостапни“ дополнува тој.

Традиционалниот пристап во наставата како пречка за новите генерации

Традиционалниот пристап на сите нивоа на образование е се уште длабоко вкоренет кај нас и треба да се работи на неговата реформа во интерес на поголема вклученост на учениците и на студентите во процесот на образованието.

„Во сферата на високото образование се уште на многу факултети постои принципот кога професорот зборува, а студентите слушаат и пишуваат забелешки. Ова е принцип што е целосно неприменлив во современата настава, во време кога дигиталната технологија и новите медиуми нудат море од можности, од кои, за жал, многу остануваат неискористени од тековните генерации“ истакнува Борче Арсов.

Денес на социјалната мрежа „фејсбук“ сретнуваме иста информација споделена од различни профили и од различни медиуми на различен начин. Со тоа се забележува различен однос на новинарот кон веста, со што отвора простор за присуство на дополнителни дезинформации или непроверени информации, со цел да се постигне поголема сензационалност.

„Постои уште еден проблем, кој е особено демотивирачки за сите новинари, а тоа е дека личности од сите сфери на општеството и луѓе со најразлично образование, се стават во оваа улога. На тој начин, дури и оној што несмасно правел напис во таблоид од српски на македонски јазик на своето име ја прилепува додавката новинар“ дополнува тој.

Медиумите во контрола на јавното мислење

Медиумите влијаат врз јавноста и оформувањето на мислењето кај граѓаните. Социјалните медиуми објавуваат информативни содржини и потикнуваат интеракција. И Весна Костовска која е виш соработник во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ вели дека медиумите ги контролираат нашите мисли и имаат важна улога во обликувањето на нашиот когнитивен систем, од образованието до индоктринацијата.



Весна Костовска, виш соработник во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“

„Идејата дека со пласирањето лажни приказни, може да се влијае на нечие мислење и став, без контрола од страна на трети лица, е застрашувачка. Во последните 20 години, лажните вести што се презентираат на лажните веб-страници, се појавуваат и на порталите на поголемите медиумски куќи што имаат значително влијание врз јавното мислење“ додава таа.

Според неа, зад лажните вести стојат поединци или група луѓе кои сакаат нивните приказни да достигнат голема публика и да влијаат врз нивните политички, идеолошки или економски погледи. Таа истакнува дека интернетот е плодна почва преку која се шират лажните вести, затоа што нема филтри или трети лица коишто можат да ги прегледуваат и критички да ги оценуваат овие вести како вистински, објективни и точни, а со тоа и трошоците за нивното производство се неспоредливо пониски од оние на добро познатите и релевантни медиуми.

„Младите добиваат многу информации преку социјалните мрежи и медиумите како што се „Јутјуб“, „Твитер“, „Инстаграм“ и „Фејсбук“. Овие платформи често не го цитираат изворот на информациите и ги презентираат сите новости на површен начин, при што е невозможно да се заклучи дали тие потекнуваат од релеванти извори. Во контекстот на социјалните мрежи, и возрасните се соочуваат со истиот проблем“ дополнува Костовска.

Во време кога медиумите секојдневно влијаат врз нашите животи, медиумската култура е забележително запоставена во наставните програми и во наставните процеси на училиштата.

„И, неопходно е да се оспособат граѓаните да ја применуваат медиумската писменост, со што ќе можат да се справат со опасностите, но и со придобивките од се посложеното медиумско опкружување. Развојот на медиумската писменост е сложен процес, што бара долгорочно вложување, но и систематски и стратешки развиен национален пристап. Состојбата е премногу алармантна, и секое одложување во однос на развивањето на медиумската свест предизвикува песимистички прогнози кон процестот за градење на цивилизиран општествен систем“ истакнува Весна Костовска.